**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Јавно Претпријатие за Државни патишта**

Бр. 02-6050/5
19-09-2013
**Скопје**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните набавки (Сл. Весник на Република Македонија бр 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11 и 15/13), член 20 точка 14 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта (Службен весник на Република Македонија бр. 09/2013) Управниот одбор донесе:

**ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2013 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

**1.** Годишниот план за јавните набавки за 2013 година број 02-265/8 од 15.01.2013 година се менува во точката 50:

„Изработка на техничка документација за Изградба на наплатна станица на државниот пат А1, делница Смоквица – Гевгелија.„

Зборовите „делница Смоквица – Гевгелија се заменуваат со зборовите „- Наплатна станица Романовце"

Односно во Годишниот план за јавните набавки во 2013 година со број 02-265/8 од 15.01.2013 година, горенаведената јавна набавка се менува и изменетиот план гласи:

| РБ | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката | Вид на постапка | Проценета вредност на договорот/ | ДДВ | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 50 | Изработка на техничка документација за Изградба на наплатна станица на државниот пат А1 - Наплатна станица Романовце | август | Отворена постапка | 4.200.000 ден. | 756.000 ден. | 4.956.000 ден. |

**3.** Во останатиот дел Годишниот план за јавните набавки за 2013 година број 02-265/8 од 15.01.2013 година останува непроменет.

**Образложение:**

Измената и дополнувањето на Планот за јавните набавки за 2013 година, донесен од Управниот одбор со број 02-265/8 од 15.01.2013 година претставува ажурирање на постоечкиот план, а потребата од измена на истиот се должи на потребата од што поитно решавање на проблемот со малиот пропусен капацитет на

наплатната станица Романовце, а комбиниран со се поголемиот наплив на транзитни возила од Република Србија. Имено, и покрај работењето на НС Романовце со полн капацитет и со користење на 4 од 5 ленти во правецот од државната граница со Р.Србија кон Грција, се создадоа километарски колони во деновите кога постоеше најголемиот наплив на транзитни возила, те. на почетокот на месец јули и на месец август. Големиот застој што се случи во тие денови се должи и на спецификите на самата НС Романовце, односно се работи за наплатна станица на која што во најголем број се присутни странски возила, кои што дополнително ја усложнуваат состојбата заради непознавањето на начинот и износите на плаќање.

Во однос на сообраќајот на наплатните станици, податоците со кои располага ЈП за државни патишта укажуваат на зголемување на бројот на возила кои што поминале низ патарините, односно за првите 7 месеци од 2013 година се евидентирани вкупно 16.679.911 возило, а во истите месеци 2012 година беа евидентирани 14.275.955 возила, или во годината кога ЈП за државни патишта ја презема наплатата на патарините имаме зголемување од 2.403.956 возила во првите 7 месеци од годината.

Согласно сето горе наведено, а со цел надминување на состојбите во што поскор можен период, неопходно е да се изврши зголемување на капацитетот на НС Романовце, односно зголемување на бројот на наплатните ленти. Воедно, покрај НС Романовце, во предвид ќе биде проектирана уште една наплатна станица, а во зависност од анализите за бројот на сообраќајот и пропусноста на истата.

Првиот чекор во овие активности е проектирањето, заради кое што и се врши оваа измена на Планот за јавни набавки на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Претседател на Управен одбор**

**Сања Минкова**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
СКОПЈЕ